# ПРЕДГОВОР

Овој *Основен турско-македонски речник* е подготвен според најфреквентните зборови во секојдневниот разговорен јазик и во училишните книги.

И подучувањето и учењето на еден јазик претставува големо задоволство. Според актуелните критериуми еден странски јазик се подучува и учи на следниве нивоа: А1 и А2, Б1 и Б2, Ц1 и Ц2. За да се олесни оваа задача, подготвени се разновидни книги. За секое ниво во книгите се наоѓа одредено зборовно богатство. Кога ги подготвуваат овие книги, авторите прво селектираат одреден број зборови зависно од нивото и според нив ги пишуваат или ги одбираат текстовите. А на секое ниво чекор по чекор зборовното богатство се збогатува.

Марија Леонтиќ ги ексцерпира следниве книги, кои најмногу се користат на курсевите, во училиштата и на факултетите во Македонија:

**1.** Hengirmen, Mehmet; Koç, Nurettin. (1990). *Türkçe Öğreniyoruz 1, 2, 3.* Engin Yayınevi - Ankara.

**2.** Kurt, Cemil; Aygün, Nurşen; Leblebici, Elif; Coşkun, Altınkaynak Özden; Çiçek, Ali; Altaş, Hacer; Dursun, Mesun; Dilçin, Şebnem. (2012). *Yeni Hitit - Yabancılar için Türkçe Ders Kitabı 1, 2, 3*. Ankara Üniversitesi Basımevi - Ankara.

**3.** Özbay, Murat; Temizyürek, Fahri. (2005). *Türkçe Öğreniyoruz 1, 2, 3* TİKA - Ankara.

**4.** Öztürk, Tuncay; Akçay, Sezgin; Yiğit, Abdullah; Taşdemir, Ercan; Başak, Serkan. (2008). *Gökkuşağı Türkçe 1, 2, 3*. Dilset Yayınları - İstanbul.

**5.** Öztürk, Tuncay; Akçay, Sezgin; Duru, Hüseyin; Gün, Salih; Bargan, Hüseyin; Ersoy, Hamza; Yiğit, Abdullah. *Adım Adım Türkçe 1, 2, 3*. Dilset Yayınları - İstanbul.

**6.** Gürkan, Vural. *Yabancılar için Türkçeye Doğru 1, 2, 3.* Özel Eğitim Kurumları Derneği Yayınları - İstanbul.

**7.** Улкер, Чидем. (1994). *Makedonlar için Türkçe - Научете турски*. Метафорум - Скопје.

**8.** Леонтиќ, Марија; Leontiç, Mariya. (2013). *Македонско-турски разговорник 1. Makedonca-Türkçe Konuşma Kılavuzu 1*. - Скопје.

Марија Леонтиќ на крајот на ова испитување дојде до одредено сознание. Во овие книги одреден зборовен фонд беше ист, но еден мал дел се разликуваше. Заедничкиот зборовен фонд на овие книги претставуваше основа за подготвување на *Основен турско-македонски речник.* Во речникот заседоа место заедничките зборови и нивните значења од ексцерпираните книги, но исто така и зборовите и нивните значења кои сметавме дека е пожелно да бидат застапени во еден основен речник.

Зборовите според значење и правопис се усогласени со *Речник на турскиот јазик* од 2009 година и *Правопис на турскиот јазик* од 2005 година во издание на Институтот за

турски јазик и според *Толковниот речник на македонскиот јазик* од 2003-2006 година во издание на Институтот за македонски јазик и *Правописен речник на македонскиот јазик* од 1999 година во издание на Просветно дело.

Речникот се базира на многугодишното искуство на подучување на турскиот јазик на учениците и студентите во Македонија и на знаењето и практиката стекнати при превод на бројни книги од турски на македонски јазик и од македонски на турски јазик. Овој речник Марија Леонтиќ почна да го подготвува пред дваесет години, а поради лексичкото богатство и поради успешните преводи од турски на македонски јазик, подоцна го вклучи и Нејат Селман. Тој на речникот работеше една година. Еден дел од буквите ги подготви Марија Леонтиќ, а другиот дел го изработи Нејат Селман. Со цел речникот да има единствен стил и техника, внесувањето на зборовите на компјутер, редакцијата на речникот и техничката подготовка за објавување ја направи Марија Леонтиќ.

Зборовното богатство на секој јазик се наоѓа во неговиот речник. Најискрено пожелуваме *Основен турско-македонски речник* да помогне полесно да се запознае и да се научи зборовното богатство на турскиот јазик со помош на македонскиот јазик. Секоја критика и предлог ќе придонесе ова дело во иднина да биде покорисно. Затоа Вашите критики и предлози ги очекуваме на следнава адреса: marija.leontik@ugd.edu.mk.

*Основниот турско-македонски речник* најискрено пожелуваме да биде корисен во разговорниот јазик, наставата и преведувањето.

Кога се даваше последната форма на речникот, се обрна внимание на упатствата на почитуваниот Халил Ачикѓоз, кој има големо искуство и знаење во областа на лексикологијата и лексикографијата. Македонскиот текст го лекторира колегата проф. д-р Симон Саздов, кој има големо искуство во областа на лекторирањето. Како резултат на интензивниот труд на овој тим се објави *Основен турско-македонски речник,* кој ќе биде основа за поголем речник. Искрено им се заблагодаруваме на сите колеги кои вложија труд во првото издание на *Основен турско-македонски речник*.

**доц. д-р Марија Леонтиќ**
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Група за турски јазик и книжевност


Марија Леонтиќ
Mariya Leontiç
Нејат Селман
Neyat Selman
ОСНОВЕН ТУРСКО-МАКЕДОНСКИ
РЕЧНИК
TEMEL TÜRKÇE-MAKEDONCA
SÖZLÜK
A B C Ç D
E F G H İ
I J K L M
Скопје, 2013
Üsküp, 2013


N O Ö P R
S Ş T U Ü
V Y Z
9 786086 546434
ISBN 978-608-65464-3-4

**Основен турско-македонски речник**
Temel Türkçe-Makedonca Sözlük

**Автор: Марија Леонтиќ, Нејат Селман**
Yazar: Mariya Leontiç, Neyat Selman

**Рецензија: Симон Саздов**
Takdim: Simon Sazdov

**Лектура: Симон Саздов, Марија Леонтиќ**
Dil Sorumlusu: Simon Sazdov, Mariya Leontiç

**Издавач и уредник на изданието: Марија Леонтиќ**
Yayımcı ve Yayın Yönetmeni: Mariya Leontiç

**Компјутерски дизајн: Јован Алексовски**
Sayfa Tasarımı ve Teknik Hazırlık: Yovan Aleksovski

**Печат: Аутопринт Т.А. д.о.о. – Скопје**
Baskı: Autoprint T.A. d.o.o. - Üsküp

**Информации за продажни места на книгата: marija.leontik@ugd.edu.mk**
Kitabın satış yerleri hakkında bilgi: marija.leontik@ugd.edu.mk

**Авторските и издавачките права се на Марија Леонтиќ. Не е дозволено копирање, умножување или објавување во која било форма на оваа книга без писмена согласност на авторот. ©**

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

(038)=512.161=163

LEONTIKJ, Marija
Temel Türkçe - Makedonca Sözlük / Mariya Leontiç, Neyat Selman = Основен турско - македонски речник / Марија Леонтиќ, Нејат Селман. - Скопје : М. Леонтиќ, 2013. - 214 стр. ; 21 см

Текст на тур. и мак. јазик

ISBN 978-608-65464-3-4
1. Selman, Neyat [автор]. - I. Леонтиќ, Марија види Leontikj, Marija. - II. Leontiç, Mariya види Leontikj, Marija. - III. Селман, Нејат види Selman, Neyat
а) Турски јазик - Речници, македонски
COBISS.MK-ID 94333194

---

**Марија Леонтиќ** **Нејат Селман**

Mariya Leontiç Neyat Selman

# ОСНОВЕН
# ТУРСКО – МАКЕДОНСКИ РЕЧНИК

## TEMEL
## TÜRKÇE – MAKEDONCA SÖZLÜK

**Речникот е подготвен според најновиот правопис на турскиот и на македонскиот јазик**

Bu sözlük, Türk dili ve Makedon dili "Yazım Kılavuzu"nun en son değişikliklerine uygun olarak hazırlanmıştır